PHILIPS

# Air Performer

3-in-1 Air Purifier, Fan and Heater

8000i Series

AMF870




# Упатство за користење

# Содржина


1 **Важно** ..... 1
Безбедност ..... 1
Електромагнетни полиња (EMF) ..... 4
Рециклирање ..... 4

2 **Вашиот Air Performer** ..... 5
Преглед на производот ..... 5
Преглед на екранот ..... 6
Преглед на далечинскиот управувач ..... 7

3 **Подготовка за користење** ..... 7
Поставување на филтерот ..... 7
Прво користење на далечинскиот управувач ..... 8
Објаснување за индикаторот за Wi-Fi ..... 8
Wi-Fi-врска ..... 9

4 **Користење на Air Performer** ..... 9
Објаснување за лентата за квалитет на воздух ..... 9
Вклучување и исклучување ..... 11
Осцилација ..... 12
Промена на функција ..... 12
Поставување на брзината/температурата на вентилаторот ..... 13
Турборежим ..... 13
Промена на режим ..... 14
Поставување заклучување за деца ..... 14
Поставување тајмер ..... 15
Сензор за светлина ..... 15

5 **Чистење и одржување** ..... 15
Распоред на чистење ..... 16
Чистење на куќиштето на Air Performer ..... 16
Чистење на сензорот за честички ..... 16
Чистење на површината на филтерот ..... 17
Замена на филтерот ..... 17
Ресетирање на филтерот ..... 19
Замена на батеријата ..... 19

6 **Складирање** ..... 20

7 **Решавање проблеми** ..... 20

8 **Гаранција и поддршка** ..... 24
Нарачување делови или додатоци ..... 24

# 1 Важно

## Безбедност

Внимателно прочитајте го ова упатство за користење пред употребата на апаратот и зачувајте го за во иднина.

За да обезбедите најдобри перформанси, проверете дали вашиот Air Performer е надграден со најновата верзија. Оваа надградба можете да ја извршите преку апликацијата Air+.

### Опасност



- Не дозволувајте течен или запалив детергент да навлезе во апаратот, за да избегнете електричен удар и/или опасност од пожар.
- За да избегнете прегревање и пожар, немојте да го покривате уредот.

### Предупредување

- Некои делови од овој производ можат да станат многу жешки и може да предизвикаат изгореници. Ако се присутни деца и ранливи лица, тие треба постојано да се надгледуваат.
- Овој апарат може да го користат деца постари од 8 години и лица со ограничени физички, сензорни или ментални способности или лица со недостаток на искуство и знаење, под услов да се под надзор или да добиле упатства за безбедно користење на апаратот и да ги разбираат можните опасности.
- Децата помали од 3 години не смеат да се доближуваат до уредот, освен ако не се под постојан надзор.
- Децата не смеат да си играат со апаратот.
- Децата не смеат да го чистат и одржуваат апаратот без надзор.
- Кога уредот работи во режим на греење, температурата на површината постепено ќе се зголемува. Не допирајте го отворот за излез на воздух за да не се изгорите.
- За да се намали ризикот од пожар, чувајте ги текстилот, завесите, постелнините или друг запалив материјал на минимално растојание од 1 m од отворот за излез на воздух. Немојте да го блокирате отворот за влез или излез на воздух, на пр. со поставување предмети на отворот за излез на воздух или пред отворот за влез на воздух.
- Немојте да ставате прсти, стапчиња или други предмети во машината за да спречите струјни удари, повреди или пожар.
- Уредот има компонента за греење. Не користете го апаратот во близина на плински апарати или камини.

- Немојте да прскате со запаливи материјали како што се инсектициди или парфеми околу апаратот.
- Не користете ако има видливи знаци на оштетување на уредот, приклучокот или кабелот за напојување.
- Немојте да го користите уредот ако ви паднал.
- Во случај на оштетување, кабелот за напојување треба да го замени компанијата Philips, односно сервисен центар овластен од Philips или лица со соодветни квалификации за да се избегне опасност.
- Проверете дали приклучокот на апаратот е цврсто вметнат во штекерот за да овозможите совршено работење на вашиот апарат. Ако приклучокот не е цврсто вметнат во штекерот, тоа може да предизвика прегревање и изобличување на приклучокот. Контактирајте со овластен електричар за да го замените лабавиот или истрошен штекер.

## Внимание

- За да избегнете опасности поради случајно ресетирање на заштитата од прегревање, овој апарат не смеете да го приклучувате на надворешен уред за прекинување на струјно коло, како што е прекинувачот со тајмерска контрола, или на струјно коло што програмирано се вклучува и исклучува.
- Користете го исклучиво оригиналниот филтер од Philips, во спротивно перформансите на филтрација нема да можат да се гарантираат.
- Уредот не смее да се поставува директно под ѕиден штекер.
- Приклучувајте го уредот само во ѕиден штекер, не користете продолжителен кабел.
- Секогаш поставувајте и користете го апаратот на сува, стабилна и хоризонтална површина.
- Немојте да го користите апаратот во опкружувања со голема влажност, како што се бања, тоалет, кујна, базен или во какво било надворешно опкружување.
- Немојте да седите или да стоите врз апаратот. Немојте да го удирате апаратот. Не ставајте ништо врз апаратот.
- Секогаш исклучувајте го апаратот од штекер кога сакате да го преместите, исчистите и кога сакате да го замените филтерот или да извршите друг вид на одржување.
- Кога ќе го вклучите уредот, филтерот секогаш треба да биде поставен во него.
- Работниот температурен опсег на уредот (ta) е од 0 ° до 40 °C за вентилаторот.
- Апаратот е наменет исклучиво за употреба во домаќинства во нормални услови на работа.
- Ви препорачуваме да не го користите овој апарат кога пушите, или кога користите димни средства против инсекти или палите темјан итн., затоа

што тоа ќе влијае врз перформансите на пречистување и врз векот на траење на филтерот.

- Уредот не отстранува јаглероден моноксид (CO) или радон (Rn). Тој не може да се користи како безбедносен уред во случај на несреќи со процеси на согорување и опасни хемикалии.

## ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ

**ОВОЈ ПРОИЗВОД СОДРЖИ БАТЕРИЈА ВО ВИД НА МОНЕТА**
Ако се проголта, литиумската батерија во вид на монета може да предизвика сериозни или смртоносни повреди во рок од 2 часа.
Чувајте ги батериите подалеку од дофат на деца.
Ако се сомневате дека батериите се голтнати или внесени во кој било дел од телото, веднаш побарајте медицинска помош.

- Ако далечинскиот управувач не се користи подолго време, отстранете ја батеријата од далечинскиот управувач за да не дојде до истекување на батеријата.
- Ако течноста што истекува од батеријата случајно ви влезе во око, исплакнете го окото со голема количина чиста вода и веднаш побарајте медицинска помош.
- Доколку течноста што истекува од батеријата дојде во допир со кожата или облеката, веднаш исплакнете ги со голема количина чиста вода.
- Ова е ласерски производ од класа 3R, избегнувајте директно изложување на очите. Ласерската компонента е дел од сензорот за честички и таа не може да се допре или види при нормална употреба.
- Максимална излезна моќност од 5,0 mW, бранова должина од 650 nm, континуиран бран, колимиран бран.




Во овој документ, компанијата DAP B.V. изјавува дека радиоопремата од типот AMF870 е усогласена со Директивата 2014/53/EU. Целосниот текст на декларацијата за усогласеност на ЕУ е достапен на следната интернет-адреса: www.philips.com.

Стандарден интерфејс за Wi-Fi врз основа на 802.11b/g/n/ax со 2,4 GHz и максимална излезна моќност од 64 mW EIRP.

Bluetooth верзија 5.2 (LE) со фреквенција од 2,4 GHz и излезна RF-моќност помала од 10 mW EIRP.

## Електромагнетни полиња (EMF)

Овој апарат е усогласен со важечките стандарди и прописи што се однесуваат на изложеноста на електромагнетни полиња.

## Рециклирање



Овој симбол означува дека производот не треба да се фрла со обичниот отпад од домаќинствата (2012/19/EU).



Овој симбол означува дека овој производ содржи батерии за еднократна употреба кои не смеете да ги фрлате со обичниот отпад од домаќинството (2006/66/EC).

Придржувајте се до законите во вашата земја за посебно собирање на електричните и електронските производи и батериите. Правилното фрлање помага во спречувањето на негативните последици по животната средина и човековото здравје.

**Отстранување на батериите за еднократна употреба**

Само далечинскиот управувач содржи батерија за еднократна употреба.

За да ги отстраните батериите за еднократна употреба, погледнете ги упатствата за поставување и/или отстранување батерии во упатството за користење.

Секогаш отстранувајте ги испразнетите батерии за еднократна употреба од производот. Преземете ги сите неопходни безбедносни мерки кога ги фрлате батериите.

# 2 Вашиот Air Performer

Ви честитаме за купувањето и добре дојдовте во Philips!

За да ја искористите целосната поддршка што ја нуди Philips, регистрирајте го вашиот производ на **www.philips.com/welcome**.

## Преглед на производот



# Преглед на екранот




Копче за контрола

| | |
|---|---|
| | Копче за вклучување/ исклучување |

Екран

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Индикатор за Wi-Fi | | Предупредување за чистење на филтерот |
| | Предупредување за замена на филтерот | PM 2.5 | Приказ на PM2,5 |
| GAS | Приказ на гас | | Автоматски режим |
| | Турборежим | | Режим управуван преку апликацијата |
| | Режим на мирување | | Индикатор за заклучување за деца |
| | Функција за циркулација | | Функција за дување воздух |
| | Функција за греење | | Лента за квалитет на воздух |

## Преглед на далечинскиот управувач




*Притиснете во траење од 3 сек.: Турборежим ( )

**Притиснете во траење од 3 сек.: Заклучување за деца ( )

# 3 Подготовка за користење

## Поставување на филтерот

Отстранете ја целата амбалажа од филтерот пред првата употреба.

***Забелешка: проверете дали Air Performer е исклучен од штекер пред да го поставите филтерот.***




1 Повлечете го задниот капак и отстранете го од апаратот.
2 Извадете го филтерот од апаратот.
3 Отстранете ја целата амбалажа од филтерот за пречистување на воздух.
4 Вратете го филтерот во апаратот.
5 Поставете го задниот капак.

# Прво користење на далечинскиот управувач

***Внимание:***

- ***Ризик од оштетување на производот! Ако не го користите далечинскиот управувач долго време, извадете ја батеријата.***
- ***Батеријата содржи хемиски супстанци кои треба соодветно да се депонираат.***



1 Отстранете ја пластичната фолија од далечинскиот управувач за да ја активирате батеријата.
2 Можете да го поставите далечинскиот управувач на горниот дел од апаратот и тој автоматски ќе легне на место.

# Објаснување за индикаторот за Wi-Fi

| **Икона за статус на Wi-Fi** | **Статус на Wi-Fi-врската** |
|---|---|
| Трепка со портокалова боја | Се поврзува со паметниот телефон |
| Постојано свети со портокалова боја | Поврзан е со паметниот телефон |
| Трепка со бела боја | Се поврзува со серверот |
| Постојано свети со бела боја | Поврзан е со серверот |
| Исклучено | Функцијата за Wi-Fi е оневозможена |

## Wi-Fi-врска

### Прво поставување на Wi-Fi-врската

1 Преземете и инсталирајте ја апликацијата **Air+** од **App Store** или **Google Play**.

2 Вметнете го приклучокот на Air Performer во штекер и допрете на ⏻ за да го вклучите Air Performer.
   ↳ Индикаторот за Wi-Fi трепка со портокалова боја првиот пат.

3 Проверете дали паметниот телефон или таблетот е успешно поврзан со вашата Wi-Fi-мрежа.

4 Стартувајте ја апликацијата **Air+** и кликнете на **„Add a device“** (Додај уред) или притиснете го копчето **„+“** на екранот. Следете ги упатствата на екранот за да го поврзете Air Performer со вашата мрежа.

***Забелешка:***

- ***Овие упатства важат само кога Air Performer се поставува за прв пат. Ако мрежата е променета или поставувањето треба повторно да се изврши, погледнете го поглавјето “Ресетирајте ја Wi-Fi-врската” на страница 9.***
- ***Ако сакате да поврзете повеќе од еден Air Performer со вашиот паметен телефон или таблет, ќе мора да ги поврзете еден по еден.***
- ***Погрижете се растојанието помеѓу паметниот телефон или таблетот и Air Performer да е помало од 10 m и да нема никакви пречки.***

### Ресетирајте ја Wi-Fi-врската

***Забелешка:***

- ***Ресетирајте ја Wi-Fi-врската кога вашата зададена мрежа е променета.***

1 Вметнете го приклучокот на Air Performer во штекер и притиснете го копчето ⏻ за да го вклучите Air Performer.

2 Долго притиснете го копчето ⏻ на апаратот во траење од 7 секунди сè додека не се исклучи и не се вклучи повторно. Индикаторот за Wi-Fi трепка портокалово.
   ↳ Air Performer преминува во режим на впарување.

3 Следете ги чекорите 3-4 во делот **„Прво поставување на Wi-Fi-врската“** .

# 4 Користење на Air Performer

## Објаснување за лентата за квалитет на воздух

Лентата за квалитет на воздух се вклучува автоматски кога ќе се вклучи Air Performer и засветуваат сите бои по ред. По приближно 30 секунди, сензорот за честички ја избира бојата што соодветствува на квалитетот на воздухот во зависност од воздушните честички.

Бојата на светлото за квалитет на воздух се одредува преку индексот на најголем ризик од индикаторите: PM2,5 (честички помали од 2,5 микрони), IAI (индекс на внатрешни алергени) и гас (испарливи органски соединенија, непријатен мирис итн.). Нивоата на IAI и релативна влажност (RH) се достапни само преку апликацијата.




## PM2,5

Технологијата **AeraSense** прецизно ја открива и брзо реагира на дури и на најмалата промена на честички во воздухот. Таа ви нуди сигурност со повратни информации за PM2,5 во реално време.

Повеќето загадувачи на воздухот во затворен простор спаѓаат во PM2,5 - што се однесува на загадувачки честички во воздухот помали од 2,5 микрометри. Вообичаени извори на ситни честички во затворен простор се чадот од тутун, готвењето и палењето свеќи. Некои бактерии што се пренесуваат преку воздухот и најмалите спори на мувла, алергените од домашни миленици и алергенските честички од грини исто така спаѓаат во PM2,5.

| **Ниво на PM2,5** | **Боја на светлото за квалитет на воздух** | **Ниво на квалитет на воздух** |
|---|---|---|
| ≤12 | Сина | Добро |
| 13-35 | Сино-виолетова | Средно |
| 36-55 | Виолетово-црвена | Ниско |
| >55 | Црвена | Многу ниско |

**Gas** се однесува на нивото на потенцијално штетни гасови (вклучувајќи испарливи органски соединенија, непријатен мирис итн.).

| Ниво на гас | Боја на светлото за квалитет на воздух | Ниво на квалитет на воздух |
|---|---|---|
| L1 | Сина | Добро |
| L2 | Сино-виолетова | Средно |
| L3 | Виолетово-црвена | Ниско |
| L4 | Црвена | Многу ниско |

**IAI** се однесува на индексот на внатрешни алергени (достапен само преку апликацијата)

Професионалниот сензор **AeraSense** го открива нивото на алергени во внатрешниот воздух и со нумерички повратни информации од 1 до 12 го прикажува потенцијалното ниво на ризик од алергени во внатрешниот воздух. 1 означува најдобар квалитет на воздух.

| Ниво на IAI | Боја на светлото за квалитет на воздух | Ниво на квалитет на воздух |
|---|---|---|
| 1-3 | Сина | Добро |
| 4-6 | Сино-виолетова | Средно |
| 7-9 | Виолетово-црвена | Ниско |
| 10-12 | Црвена | Многу ниско |

## Вклучување и исклучување

***Забелешка:***

- ***За оптимални перформанси на пречистување, затворете ги вратите и прозорците.***
- ***Погрижете се завесите да бидат подалеку од влезот или излезот за воздух.***
- ***Приклучете го апаратот во штекер; немојте да користите продолжителен кабел.***
- ***Ако апаратот работи во режим на греење кога ќе го исклучите, тој ќе продолжи да работи 20 секунди за да ја испушти преостанатата топлина. На екранот ќе се прикаже одбројување.***

1 Приклучете го Air Performer во штекер.

2 Допрете на ⏻ за да го вклучите Air Performer.
   ↳ Air Performer ќе даде звучен сигнал.
   ↳ При загревањето, на екранот ќе се прикаже „---“. Потоа Air Performer ќе го прикаже нивото на PM2,5/гас откако ќе го измери квалитетот на воздух.




3 Допрете и задржете го копчето ⏻ во траење од 3 секунди за да го исклучите Air Performer.

***Забелешка: ако Air Performer остане приклучен во штекер по исклучувањето, тој ќе работи со претходните поставки кога повторно ќе го вклучите.***

# Осцилација

Притиснете го копчето за да ја активирате функцијата за осцилација на вашиот Air Performer. Апаратот може да осцилира под следните агли: 45°, 90°,180°, 270°, 350° и OFF (ИСКЛУЧЕНО).

- ↳ На екранот се прикажува аголот на осцилација.
- ↳ Ако не извршите операција во рок од 3 секунди, апаратот се враќа на вообичаениот приказ.




# Промена на функција

Можете да ги изберете функциите за Циркулација ( ), Функција за дување воздух ( ) или Греење ( ) со притиснување на копчето . Можете рачно да ја прилагодите брзината или температурата на вентилаторот; погледнете го делот „**Поставување брзина/температура на вентилаторот“.**




Функција за циркулација ( ):

Дистрибуира дифузен проток на воздух за оптимална циркулација на воздухот со отворање на задниот излезен отвор, со што се максимизираат перформансите на пречистување и се намалува чувството на ладење. При поголеми брзини, умерен проток на воздух ќе дува посилно низ предниот излезен отвор за да се зголеми моќноста на чистење.




Функција за дување воздух ( ):

Создава моќен и чист проток на воздух што има природно и пријатно чувство. Благодарение на неговиот дизајн без перки, вентилаторот не создава силен налет на воздух, туку континуиран проток на воздух.




Функција за греење ( ):

Со моќната керамичка PTC-технологија, Air Performer се загрева за 3 секунди за да ве стопли за многу кратко време.

# Поставување на брзината/температурата на вентилаторот

Можете рачно да ја поставите брзината или температурата на вентилаторот со притиснување на копчето со стрелка (△/▽) на далечинскиот управувач.



Во функцијата за **дување воздух/Циркулација**, притиснете го копчето △/▽ за да ја прилагодите брзината на вентилаторот во опсег од 1 до 10.

- ↳ Брзината на вентилаторот се прикажува на левиот дел од екранот.
- ↳ Ако не извршите операција во рок од 3 секунди, апаратот се враќа на вообичаениот приказ.



Во функцијата за **Греење**, притиснете го копчето △/▽ за да ја прилагодите температурата во опсег од 1 °C до 37 °C.

- ↳ Температурата се прикажува на левиот дел од екранот.
- ↳ Ако не извршите операција во рок од 3 секунди, апаратот се враќа на вообичаениот приказ.

***Забелешка:***

- ***За оптимални перформанси на греење, можете да го притиснете копчето △ за да поставите повисока температура.***

# Турборежим

***Забелешка:***

- ***Овој режим го префрла апаратот во режим на циркулација за да се максимизираат перформансите на пречистување.***




Апаратот ги отвора сите излези за воздух и го чисти воздухот со максимална брзина. Притиснете и задржете го копчето во траење од 3 секунди за да го активирате Турборежимот ( ).

- ↳ На екранот се прикажува индикаторот .
- ↳ Апаратот автоматски се префрла на функцијата за Циркулација и работи со најголема брзина.

## Промена на режим

Со притиснување на копчето ⊙, можете да изберете Автоматски режим, Режим на мирување или Режим управуван преку апликацијата.

*Забелешка:*

- ***Режимот управуван преку апликацијата е достапен САМО преку апликацијата откако успешно ќе се поврзете со Wi-Fi-мрежа.***




**Автоматски ( Ⓐ ):** апаратот автоматски ги прилагодува поставките за да обезбеди најдобри перформанси.




**Режим на мирување ( ☾ ):** апаратот работи тивко со мала брзина. По 3 секунди, светлото на екранот се исклучува.




**Режим управуван преку апликацијата ( 📱 ):** апаратот работи во режим што е достапен само преку апликацијата.

## Поставување заклучување за деца

1 Притиснете го копчето ⊙ во траење од 3 секунди за да го активирате заклучувањето за деца.
   ↳ На екранот се прикажува 🔒.

2 Повторно притиснете го копчето ⊙ во траење од 3 секунди за да го деактивирате заклучувањето за деца.
   ↳ 🔒 ќе исчезне од екранот.



## Поставување тајмер

Со тајмерот, можете да го поставите апаратот да работи одреден број часови. Кога ќе измине поставеното време, апаратот автоматски ќе се исклучи.



1 Притиснете го копчето повеќе пати за да изберете колку часа сакате да работи апаратот .
  ↳ Достапни се опциите: **0,5 ч.**, **1 ч.**, **4 ч.** или **8 ч.**

2 За да го деактивирате тајмерот, притиснете го копчето повеќе пати сè додека на екранот не се прикаже OFF (ИСКЛУЧЕНО).

## Сензор за светлина

Со сензорот за светло:

- Контролната табла може автоматски да се вклучи, исклучи или затемни во зависност од амбиенталната светлина.
- Контролната табла ќе се исклучи или затемни кога просторијата е темна.

Можете да го допрете кое било копче за да ги вклучите сите светла. Доколку не вршите дополнителни операции, сите светла ќе се исклучат или затемнат во согласност со амбиенталната светлина.

# 5 Чистење и одржување

***Забелешка:***

- ***Секогаш исклучувајте го апаратот од штекер пред да го чистите.***
- ***Никогаш не потопувајте го апаратот во вода или некоја друга течност.***
- ***За чистење на деловите на апаратот никогаш немојте да користите абразивни, агресивни или запаливи средства за чистење како што се белило или алкохол.***
- ***Никогаш немојте да го чистите филтерот со течности (вклучувајќи и вода).***

# Распоред на чистење

| Зачестеност | Метод на чистење |
|---|---|
| Кога е неопходно | Избришете го пластичниот дел на апаратот со мека и сува крпа |
| | Исчистете го капакот на излезот за воздух |
| Секои два месеци | Исчистете го сензорот за честички со правосмукалка или суво стапче со памучен врв. |
| На екранот се прикажува . | Исчистете ја површината на филтерот |

# Чистење на куќиштето на Air Performer

Редовно чистете ги внатрешниот и надворешниот дел на Air Performer за да не се насобере прав.

- Користете мека и сува крпа за да ги исчистите внатрешната и надворешната површина на Air Performer и отворот за излез на воздух.

# Чистење на сензорот за честички

Чистете го сензорот за честички секои 2 месеци за оптимално работење на апаратот.

***Забелешка:***

- ***Ако Air Performer се користи во правливо опкружување, можеби ќе треба почесто да се чисти.***
- ***Ако нивото на влажност во просторијата е многу високо, на сензорот за честички може да се појави кондензација и светлото за квалитет на воздух може да покаже послаб квалитет на воздухот иако квалитетот на воздухот е всушност добар. Ако се случи тоа, исчистете го сензорот за честички.***

1



2



1 Исклучете го Air Performer и извлечете го приклучокот од штекер.

2 Исчистете го сензорот за честички со правосмукалка или суво стапче со памучен врв.

# Чистење на површината на филтерот




| Статус на индикаторот за предупредување за филтерот | Дејство |
|---|---|
| На екранот се прикажува предупредувањето за чистење на филтерот . | Исчистете ја површината на филтерот со правосмукалка. |

1 Исклучете го Air Performer и извлечете го приклучокот од штекер.




2 Повлечете го задниот капак и отстранете го од апаратот.

3 Извадете го филтерот од апаратот.

4 Исчистете ја површината на филтерот со правосмукалка.

5 Вратете го филтерот во апаратот.

6 Поставете го задниот капак.

7 Приклучете го Air Performer во штекер.

8 Притиснете го копчето за да вклучите апаратот.

9 Притиснете ги копчињата и и задржете ги 3 секунди за да го ресетирате времето за чистење на филтерот.

10 Темелно измијте ги рацете откако ќе го исчистите филтерот.




# Замена на филтерот

Овој Air Performer е опремен со индикатор за замена на филтерот, што ќе овозможи филтерот за пречистување на воздух да е во оптимална состојба кога работи Air Performer. Кога филтерот треба да се замени, предупредувањето за замена на филтерот свети црвено.

## Замена на филтерот

*Забелешка:*

- ***Филтерот не се пере и не е за повеќекратна употреба.***
- ***Пред да извршите замена на филтерот, не заборавајте да го исклучите Air Performer и да го извлечете приклучокот од ѕидниот штекер.***




| **Статус на индикаторот за предупредување за филтерот** | **Дејство** |
|---|---|
| Предупредувањето за замена на филтерот започнува да свети | Заменете го филтерот (**FYM860**) |

1 Исклучете го Air Performer и извлечете го приклучокот од штекер.




2 Повлечете го задниот капак и отстранете го од апаратот.

3 Извадете го филтерот од апаратот.

4 Отстранете ја целата амбалажа од новиот филтер.

5 Ставете го новиот филтер во апаратот.

6 Поставете го задниот капак.

7 Приклучете го Air Performer во штекер.

8 Притиснете го копчето ⏻ за да вклучите апаратот.

9 Притиснете ги копчињата и и задржете ги 3 секунди за да го ресетирате бројачот за траење на филтерот.




10 Темелно измијте ги рацете откако ќе го замените филтерот.

***Забелешка: немојте да го мирисате филтерот бидејќи собира загадувачки честички од воздухот.***

## Ресетирање на филтерот

Филтерот можете да го замените дури и пред да се прикаже предупредувањето за замена на филтерот ( ) на екранот. Кога ќе го замените филтерот, потребно е рачно да го ресетирате бројачот за траење на филтерот.

1 Притиснете го копчето ⏻ во траење од 3 секунди за да го исклучите апаратот и извадете го приклучокот од штекер.




2 Приклучете го апаратот во штекер.

3 Во рок од 15 секунди по вклучувањето, притиснете ги копчињата и  и задржете ги 3 секунди за да го ресетирате бројачот за траење на филтерот.

## Замена на батеријата

***Предупредување:***

- ***Ризик од голтање на батерии! Далечинскиот управувач содржи батерија во вид на монета што може да се проголта. Секогаш чувајте ја батеријата подалеку од дофат на деца!***
- ***Ако се проголта, батеријата може да предизвика сериозна повреда или смрт. Може да се појават сериозни внатрешни изгореници за само два часа од проголтувањето.***
- ***Ако се проголта батеријата, веднаш побарајте лекарска помош.***
- ***Кога ја менувате батеријата, секогаш чувајте ги новите и искористените батерии подалеку од дофат на деца.***
- ***Проверете дали капакот на преградата за батерија е добро прицврстен откако ќе ја замените батеријата.***






1 Вртете го капакот на преградата за батерија во спротивна насока од стрелките на часовникот за да го отворите.

2 Извадете ја искористената батерија од преградата за батерија.




3 Вметнете ја новата батерија CR2032 со точен поларитет како што е наведено.



4 Затворете го капакот на преградата за батерија и вртете го во насока на стрелките на часовникот за да го прицврстите.

# 6 Складирање

1 Исклучете го Air Performer и извадете го приклучокот од штекер.

2 Исчистете го Air Performer, сензорот за честички и површината на филтерот (погледнете го поглавјето „Чистење и одржување“).

3 Оставете сите делови потполно да се исушат на воздух пред да ги складирате.

4 Ставете го филтерот во херметички затворена пластична кеса.

5 Складирајте ги Air Performer и филтерот на ладно и суво место.

6 Секогаш темелно мијте ги рацете по ракувањето со филтерот.

# 7 Решавање проблеми

Во ова поглавје се опишани најчестите проблеми со кои може да се соочите при користење на апаратот. Ако не можете да го решите проблемот со помош на информациите наведени подолу, контактирајте со центарот за корисничка поддршка во вашата земја.

| Проблем | Можно решение |
|---|---|
| Протокот на воздух од отворот за излез на воздух е значително послаб од претходно. | • Површината на филтерот е нечиста. Исчистете ја површината на филтерот (погледнете го поглавјето „Чистење и одржување“). |

| Проблем | Можно решение |
|---|---|
| Квалитетот на воздух не се подобрува и покрај тоа што апаратот работи долго време. | • Проверете дали амбалажата е отстранета од филтерот.<br>• Проверете дали филтерот е поставен во апаратот.<br>• Исчистете го сензорот со правосмукалка или суво стапче со памучен врв.<br>• Просторијата е преголема или квалитетот на надворешниот воздух е слаб. За оптимални перформанси на пречистување, затворете ги вратите и прозорците кога работи апаратот.<br>• Постојат внатрешни извори на загадување. На пример чад од цигари, пареа од готвење, темјан, парфем и алкохол.<br>• Филтерот е на крајот од работниот век. Заменете го филтерот со нов. |
| Мојот апарат не се исклучува веднаш кога е во режим на греење. | • Ако апаратот работи во режим на греење кога ќе го исклучите, тој продолжува да работи неколку секунди за да ја испушти преостанатата топлина. |
| Апаратот испушта необичен мирис. | • При првите неколку употреби, апаратот може да испушта мирис на пластика. Тоа е нормално.<br>• Ако апаратот испушта мирис на изгорено, веднаш извлечете го приклучокот од штекер. Контактирајте со продавачот на производи од Philips или со овластен сервисен центар на Philips.<br>• Филтерот може да испушта непријатен мирис по одреден период на користење поради апсорбирањето на внатрешните гасови. Ви препорачуваме повторно да го активирате филтерот така што ќе го ставите на директна сончева светлина за повеќекратно користење. Заменете го филтерот ако сè уште испушта непријатен мирис. |
| Апаратот е премногу гласен. | • Нивото на бучава е повисоко ако изберете голема брзина. Променете во режим со помала брзина.<br>• Ако се слуша необичен звук, контактирајте со центарот за корисничка поддршка во вашата земја. |
| Апаратот сè уште покажува дека треба да го заменам филтерот, но јас веќе го сторив тоа. | • Можеби не сте го ресетирале бројачот за траење на филтерот. Вклучете го апаратот. Потоа притиснете ги копчињата и и задржете ги 3 секунди. |

| Проблем | Можно решение |
|---|---|
| Функцијата за греење не работи. | • Проверете дали амбиенталната температура ја достигнала целната температура. Ако ја достигнала, греењето ќе престане.<br>• Проверете дали целната температура е пониска од амбиенталната температура. Ако е пониска, греењето ќе престане.<br>• Проверете дали е отстранета амбалажата на филтерот. Ако не е отстранета, функцијата за греење може да престане да работи заради заштита.<br>• Проверете дали е блокиран отворот за влез или излез на воздух. Ако е блокиран, функцијата за греење може да престане да работи заради заштита. |
| Можам ли да ја исклучам функцијата Wi-Fi на мојот апарат? | • Wi-Fi е важна функција на вашиот апарат. Поради тоа, не може да се исклучи рачно. Кога ќе го приклучите кабелот за прв пат, имајте предвид дека функцијата Wi-Fi ќе се исклучи автоматски ако вашиот апарат не се поврзе во рок од 15 минути по неговото вклучување. Притиснете го копчето ⏻ на апаратот во траење од 7 секунди за<br>повторно да го активирате режимот на впарување. |
| Што значат кодовите на мојот апарат? | • На екранот се прикажува код на грешка „E1“. Моторот е неисправен. Контактирајте со центарот за корисничка поддршка во вашата земја.<br>• На екранот се прикажува код на грешка „E6“. Грејачот е неисправен. Контактирајте со центарот за корисничка поддршка во вашата земја.<br>1. Исклучете го 3-во-1 пречистувачот на воздух од Philips од штекер.<br>2. Отворете го задниот капак и проверете дали амбалажата на филтерот е отстранета. Ако не е, целосно отстранете ја амбалажата на филтерот, поставете го во уредот и повторно прикачете го задниот капак.<br>3. Проверете дали е блокиран отворот за влез или излез на воздух. Ако е блокиран, отстранете ги предметите.<br>4. Почекајте 1 минута, а потоа повторно приклучете го уредот во штекер и вклучете го.<br>Ако горенаведениот чекор не го реши проблемот, ве молиме контактирајте нѐ. |

| Проблем | Можно решение |
| --- | --- |
| Нема проток на воздух или протокот на воздух е многу слаб од отворот за циркулација на воздух. | • Проверете дали е вклучена функцијата за ладење/греење на апаратот.<br>• Проверете да не има заглавени предмети околу отворот за циркулација на воздух. |
| Поставувањето на Wi-Fi е неуспешно. | • Ако рутерот со кој е поврзан апаратот е двопојасен и во моментот не се поврзува на мрежа од 2,4 GHz, променете го фреквенцискиот појас на рутерот (2,4 GHz) и обидете се повторно да го впарите вашиот Air Performer. Не се поддржани мрежи од 5 GHz.<br>• Не се поддржани мрежи со веб-автентикација.<br>• Проверете дали пречистувачот е во опсегот на Wi-Fi-рутерот. Можете да се обидете да го поставите Air Performer поблиску до Wi-Fi-рутерот.<br>• Проверете дали името на мрежата е точно. Името на мрежата е чувствително на големи и мали букви.<br>• Проверете дали лозинката за Wi-Fi е точна. Лозинката разликува големи и мали букви.<br>• Повторете го поставувањето со упатствата во делот „Wi-Fi-врска“.<br>• Wi-Fi-врската може да биде прекината од електромагнетни или други пречки. Држете го апаратот подалеку од други електронски уреди кои може да предизвикаат пречки.<br>• Проверете дали мобилниот уред е во авионски режим. Не заборавајте да го деактивирате авионскиот режим при поврзување со Wi-Fi-мрежа.<br>• Погледнете го делот за помош во апликацијата за опширни и најнови совети за решавање проблеми. |

# 8 Гаранција и поддршка

Versuni нуди двегодишна гаранција за овој производ по купувањето. Оваа гаранција престанува да важи ако дефектот се должи на неправилно користење или несоодветно одржување. Нашата гаранција не влијае на вашите законски права како потрошувач. За повеќе информации или за користење на гаранцијата, посетете ја нашата веб-страница **www.philips.com/support**.

## Нарачување делови или додатоци

Ако треба да замените дел или сакате да купите дополнителен дел, контактирајте со продавачот на Philips или посетете ја веб-страницата **www.philips.com/support**.

Ако имате проблеми со набавувањето на деловите, обратете се на центарот за корисничка поддршка на Philips во вашата земја.

Philips и заштитеното лого на Philips се регистрирани заштитни знаци на Koninklijke Philips N.V. и се користат со лиценца.
Овој производ е произведен од компанијата Versuni Holding B.V. и се продава под нејзина одговорност, а Versuni Holding B.V. е и давател на гаранцијата за овој производ.
2023 © Versuni Holding B.V..

AMF870_user manual_v1.0 (22/11/2023)